NYELENI 2011
EUROPEAN FOOD SOVEREIGNTY FORUM

# Суверенитет на храната, европски одговор на кризата!

*Кремс-Австрија- 22 август 2011 година*

По 5 дена интензивна, инспиративна и конструктивна размена, ***Ниелени Европа 2011, Европски форум за суверенитет на храната*** се затвори вчера. Форумот ја донесе првата европска декларација за суверенитет на храната.

Преку 400 делегати од европски земји, меѓу кои и претставници од Македонија предводени од *НВО Кален – Платформа за себеразвој и одржливи начини на живот*, се заложија на зајакнување на нивниот колективен капацитет за враќање на контролата врз системот на храна во рацете на заедниците, за пружање отпор на агро-индустриските системи и за проширување и консолидирање на силно европско движење за суверенитет на храната.

Повеќе од 120 организации и поединци, кои го претставуваат граѓанското општество и социјалните движења дискутираа за влијанието на тековните европски и глобални политики. Заедно тие развија сеопфатна платформа и пакет принципи за постигнување на суверенитет на храната во Европа. Форумот стави нагласка на придонесот на гласот на младите луѓе, жените и производителите на храна, чии грижи честопати се занемарени. Оваа разновидност и богатство на искуства овозможи Форумот Ниелени Европа 2011 да идентификува заедничка рамка и да дефинира заеднички акциски план заснован на демократски и партиципаторен процес.

Декларација прогласува: “ние сме убедени дека промената на нашиот систем за храна е првиот чекор кон поширока промена во нашите општества”. Делегатите на Форумот силно се заложија да го земат системот на храна во своите раце преку:

- Заедничко работење кон постигнување на еколошки одржлив и социјално правичен модел на производство и потрошувачка на храна заснован на неиндустриско земјоделство, преработка и алтернативна дистрибуција

- Децентрализирање на системот на дистрибуција на храна и скусување на синџирот помеѓу производителите и потрошувачите

- Подобрување на работните и социјалните услови, особено на полето на храната и земјоделството

- Демократизирање на процесот на донесување одлуки за употребата на заедничките вредности и наследства (земјиште, вода, воздух, традиционално знаење , семиња и добиток)

- Осигурување дека јавните политики на сите нивоа гарантираат виталност на руралните области, правични цени за производителите на храна и безбедна, генетски немодифицирана храна за сите.

Во ова време на политичка нестабилност, социјална и економска криза, делегатите на Ниелени Форумот за суверенитет на храната ја реафирмираа својата визија за единство која го истакнува правото на сите народи да ги дефинираат своите политики и системи за храна и земјоделство без да наштетуваат ниту на луѓето ниту на бесценетите природни ресурси, како што и имплицира суверенитетот на храната.

**Токму затоа ние бараме суверенитет на храната во Европа сега.**

Целиот декст на декларацијата е достапен на веб страницата на Ниелени Форумот 2011: www.nyelenieurope.net

Македонската делегација на Ниелени форумот беше составена од НВО Кален, НВО Гринер, Федерацијата на фармери на РМ (мрежа на млади фармери и мрежа на жени фармери, Здружение на органски производители Аронија-Делчево, Слоу Фуд Битола, Агроконсалтинг-Про и неколку индивидуални произодители и трговци со органска и здрава храна.

За повеќе информации околу Ниелени форумот 2011 и македонската делегација ве молиме исконтактирајте:

НВО Кален- Платформа за себеразвој и одржливи начини на живот - Скопје

Лице за контакт:

Јана Ѓорѓинска – jananaj@gmail.com или на +389 75483502